**Елаборат: Празникот „Иванка“ во Ресен**

**Категорија:** Нематеријално културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

**Статус:** Одлука за прогласување на нематеријално културно наследство Бр.45-4175/1 од 16 јули 2019 г.

**Година на изработка:** 2011

**Главен истражувач:** д-р Мери Стојанова, надворешен стручен соработник

**Опис на културното добро:** Празникот „Иванка“ во Ресен се прославува на 7 јули (Иванден/Раѓање на св. Јован Крстител) и е во тесна врска со летниот солстициј од една страна, а од друга страна со иницијација на девојките во предпубертетска возраст. Самото празнување се состои од поголем број обичајно-обредени дејствија: берење на иванденско цвеќе, налевање на вода во ѓумот кој потоа се украсува во кукла „Иванка“, пеење на иванденска песна, обиколка со куклата и нејзино дарување, и растурање на куклата.

**Презентација на културното добро:** Етнолошка изложба „Иванки“ (фотографии и постер-банери), 14 ноември 2016 г., галерија на спомен-куќата Татарчеви во Ресен, автори: д-р Мери Стојанова, д-р Ели Луческа.